316.1(73)”18/19”:32
316.334.3(73)”18/19”

# РАНАТА АМЕРИКАНСКА СОЦИОЛОГИЈА ВО КОНТЕКСТ НА ПОЛЕМИКАТА ЗА ОДНОСОТ СОЦИОЛОГИЈА - ПОЛИТИКА

**Марија Ташева***

*Айсшракш:* Преиспитување на односот меѓу социологијата и политиката преку поглед на американската социологија од крајот на 19 и првата половина на 20 век, од аспект на позитивните придобивки од овој однос, можностите за остварување на социологијата како вредносно неутрална наука, како и дилемите во однос на таквите можности.

*Клучни зборови: социолоīија, йолишика, социолошки исшражувања, социолошка мешодолоīија, вредносна неушралносш.*

## 1.

Социологијата уште од самите почетоци се дефинира како наука во служба на актуелните општествени потреби. Со тоа, таа, иако никогаш отворено искажано, ја вкалкулирала неминовноста да гради некакви односи со политиката, било да ѝ помага во креирањето на соодветни политики, било во настојувањето да поттикне промени наспроти политичките сили за одржување одреден поредок. Оттаму и прашањето, кое не ја изгубило својата актуелност од нејзиното засновување па до денес, дали е можно да се одржува позитивен однос со центрите на политичка моќ, а притоа да се задржи објективноста во презентирањето на истражувачките резултати. Кога Вебер размислувал на оваа тема - дали социологијата може да се изгради како вредносно неутрална наука, заклучил дека тоа е остварливо - социологот истражувач кој припаѓа на одредена средина и кој во себе го има вградено нејзиниот светоглед може, зависно од својата партикуларна позиција, да избере предмет на истражување што побудува негов специфичен интерес, но кога ќе започне со истражувањето неговата работа го исполнува барањето на вредносната неутралност. Меѓутоа, ова убедување не го делат голем број социолози.

Полемиката околу можностите за постигнување на целта на објективноста во ситуација на остварување добри односи со политичкиот и корпорацискиот естаблишмент и финансиската зависност од него при

* marijataseva@yahoo.com

изведување големи истражувачки проекти биле особено жестоки во рамките на американската социологија, од триесеттите години на дваесеттиот век па понатаму, и довеле до подвојување на социолозите во две остро спротивставени страни, овде етикетирани како „конзервативна“ и „радикална“ страна. Првите, главно социолози кои работеле на најпрестижните американски универзитети, се организирале во многубројни клубови – поддржувачи на теоријата на Парето, другите, главно ангажирани на помали и помалку престижни универзитети, во својата критика главно поаѓале од теориските позиции на Маркс и Зимел. Предмет на особена критика биле претставниците на функционалистичката теорија, главно лоцирани на Харвард (Парсонс) и Колумбија (Мертон). Полемиката со нив постепено добива облик на напади и одбрана. Нападите се дека функционалистичката теорија, особено теоријата на Парсонс, е холистичка и како таква несоодветна за моменталните можности на социолошката наука за објаснување на општествените појави и дека тоа е теорија насочена единствено кон општествената структура која целосно ја занемарува темата на општествената промена, а со тоа е поддржувач на воспоставениот општествен систем и помошник во спречувањето на силите за негова промена. Одбраната е дека општествената структура и општествената промена се неразделно поврзани, промената е менување на општествената структура и оттаму секој употребен модел за проучување на структурата едновремено е и модел за проучување на промената , а со тоа оваа теорија не е закотвувач на постоечкиот систем.

Не навлегувајќи подетално во полемиката, овде ќе се обидам да дадам краток приказ на дејноста на социолозите ангажирани на престижните американски универзитети, кои главно имале воспоставено добри односи со американската влада и кои биле финансиски помагани при спроведувањето на голем број истражувања, во настојувањето да се добие посреден одговор на прашањето колку нивната дејност придонела за развојот на социолошката наука. Ќе се задржам на дејноста на најстарите и најреномираните американски универзитети од последните декади на 19 век до средината на 20 век, на кои им се приклучува уште еден ентитет – приватниот бизнис – чии претставници основаат фондации, кои пак основаат универзитети и обезбедуваат финансиска поддршка како за едукација на кадри способни да се вклучат во академската дејност, така и за реализација на научни истражувања од најразличен вид.

Три универзитети со најдолга традиција на американска почва и со најголем придонес во исполнувањето на првичната цел на социологијата да биде во служба на општествените потреби преку спроведувањето на истражувања кои социологијата ја поставуваат на емпириско рамниште се:

Харвард универзитетот, Колумбија универзитетот и Универзитетот во Чикаго. Меѓу трите универзитети постоела меѓуизмена на кадри, при што студентите од еден универзитет често се случувало својата кариера да ја започнат на друг универзитет, како и да се ротираат во текот на кариерата. Оттаму и примерите за плодна соработка, кои овде се избрани, не се класифицирани одделно за секој универзитет. Во примерите се вклучени и истражувања кои започнале во установи надвор од трите универзитети.

Харвард универзитетот, основан како приватен универзитет во Бостон во 1636 година, е најстарата високообразовна установа во Соединетите Американски Држави. Заедно со него е основана Харвард корпорацијата како прва добротворна фондација. На почетокот воден од наставници од Конгрегациската и Унитаристичата деноминација, постепено се секуларизира во текот на 18 век, за во текот на 19 век да се промовира како модерен истражувачки универзитет, кој ужива голема репутација меѓу американската елита. Катедрата за социологија на овој универзитет ја основал Питирим Сорокин во 1930, а негов наследник е Талкот Парсонс.

Колумбија универзитетот е основан во 1754 година во Њујорк, на почетокот како Кралски колеџ, со указ на кралот Џорџ II од Велика Британија за да биде именуван Колумбија колеџ во 1784, после Американската револуционерна борба. На почетокот се финансирал од повеќе донатори, за подоцна да обезбеди сопствено финансирање преку вложување во недвижности. Универзитетот уште во 1894 година креирал позиција на раководител на Катедра за социологија, која до 1931 била пополнета од Френклин Гидингс (Franklin H. Giddings), но поради неговата немотивираност за емпириски истражувања, истражувачката фаза на Универзитетот започнува со пополнувањето на раководната позиција со Роберт Линд. Тој веќе го имал реализирано проектот „Средниот град“ (Middletown), а продолжува со истражување на современата американска сцена, со особено насочување кон потрошувачката и семејството. Помладите членови на катедрата, стимулирани од него, го истражувале слободното време, а во 1935, после големата криза, тие му се приклучуваат во новото истражување на средниот град – „Средниот град во транзиција“ (Middletown in Transition).

Универзитетот во Чикаго, основан во 1892 година, непосредно по основањето ја воспоставува Катедрата за социологија. Оваа Катедра собира голем број истражувачи, чија работа станала препознатлива ширум Федерацијата, така што во 1920-те години тој се стекнува со национална репутација на најпрестижен универзитет, со развиена програма за докторски студии по социологија. Првиот раководител на Катедрата, Албион Смол (Albion

Small), поставил нераскинлива врска меѓу германската (особено формалната социологија на Георг Зимел) и американската социологија и наметнал практика на квалитативни истражувања со кои ја поставил основата на квалитативната методологија. Тој е и основач на „Американскиот журнал за социологија" (American Journal of Sociology) во 1895, како и на „Американското социолошко друштво" (American Sociological Society) во 1905 година.

Три фондации кои одиграле суштествена улога во помагањето на развојот на американската социологија се: Карнеги корпорацијата од Њујорк, основана во 1911, со повеќе научни центри фокусирани на собирање научници со исклучителни капацитети и подоцна остварување соработка на полето на разбирањето на студената војна; Рокфелер фондацијата, основана во 1913, прво со насоченост кон филантропијата, а подоцна кон стимулирање на работата на општествени истражувачки центри; и Форд фондацијата, основана во 1936, со мисија да придонесува за човековата добросостојба, со особена насоченост кон поддршка на високото образование, уметноста, економскиот развој, граѓанските права, средината и сл.

Ако европските основачи на социологијата ги поставиле теоретските основи на новата наука, претставниците на американската социологија од наведениот период се оние што го покажале патот како социологијата може да ја исполни првично зацртаната цел да биде наука во служба на општествената добросостојба. Имено, тие се оние кои започнале истражувања на цела редица општествени феномени преку кои истражувања не само што дошле до податоци кои нагледно ги презентираат состојбите во доменот на истражувањето, туку и ги поставуваат основите на методологијата на општествените истражувања. Пред нив единствен истражувачки проект бил „Самоубиство" на Диркем, во кој тој покажал дека статистиката може да се стави во функција на објаснување на општествените појави.

Трагањето по соодветни методи за истражување и објаснување на општествените појави го започнуваат истражувачите од Универзитетот во Чикаго, а на нивните согледувања дека најсоодветен начин за детектирање на нештата е продлабочената опсервација, се надоврзуваат Роберт и Хелен Линд, кои експериментираат со интервјуто, како еден од методите на квалитативната анализа. Лојд Ворнер после нив докажува дека методите кои се практикуваат за истражување на малите примитивни заедници може да се применат и во истражувањето на современите општества, со што го проширува опсегот на антрополошката наука – нејзината цел да ги истражува примитивните општества е надградена со целта да ја истражува културата

на современите комплексни општества. Пол Лазарсфелд го продолжува овој методолошки поход со откривање начини како да се дојде до правата природа на општествените феномени со експериментирање со статистичка истражувачка анализа и ред техники на квантитативно истражување.[2] Тој е еден од основачите на математичката социологија. Нагласеното трагање по техники на квантитативната методологија придонесува да се стекне со епитетот „основач на модерната емпириска социологија“. Но, тој има свои заслуги и во доменот на квалитативната методологија. Заедно со Еверет Роџерс (Everett Rodgers) тој го развива методот на фокус групи. Истражувањата спроведувани во фабриките со цел да се дојде до сознанија за унапредување на работниот процес и зголемување на ефикасноста во работењето (особено Проектот Хоторн) како свој ефект го имаат воведувањето на експериментот како метод во социолошките истражувања, како и поставувањето на основите на индустриската социологија. Овие истражувања, во контекст на проучувањето на општествената класа и општествената мобилност, доаѓаат до сознанија за значајноста на општествените и психолошките фактори и нивната надреденост во однос на надворешната финансиска мотивација. Во контекст на овие истражувања се истакнува и значајноста на хипотезата, како појдовна констатација за очекуваното можно влијание на факторите употребени во експериментот на ефектите од него, поставена пред да се започне експериментот и проверена после неговото завршување. Многубројните дилеми на квантитативната социологија се разрешуваат во контекст на проектот „Американскиот војник“, меѓу другото, дилемата како со примена на квантитативни алатки може да се дојде до сознанија кои може да се претставaт единствено во квалитативни термини, односно како со примена на анкетен прашалник може да се измери природата и јачината на моралните ставови.

Овде ќе се осврнам посебно на неколку големи проекти на раната американска социологија.

**Градот како лабораторија.** Истражувањата кои се спроведуваат на Катедрата за социологија на Универзитетот во Чикаго имаат широк опсег и опфаќаат урбани студии, сиромаштија, семејство, работно место, имиграција, етнички и расни односи, младешка деликвенција, криминал и девијација и др. Социолозите од Катедрата, кои градот Чикаго го имаат претворено во своја истражувачка лабораторија, се соочени со ситуација на експозивен урбан раст, предизвикан делумно од преселби на луѓе од малите селски хомогени

[2] Lazarsfeld, Paul F. and Morris Rosenberg, eds., *The Language of Social Research*, New York: The Free Press of Glencoe, 1955.

заедници од околината на градот, а делумно со имиграција од различни делови на Европа.[1]

Меѓу првите истражувачи се Вилиам Томас (William Thomas) и Флориан Знаниецки (Florian Znaniecki), со студијата „Полскиот селанец во Европа и Америка" (The Polish Peasant in Europe and America), а нив ги следи Роберт Е. Парк (Robert Ezra Park), кој својот поглед го насочува кон голем број аспекти на градскиот живот, како што се расните односи, синдикатите, етничките соседства, влијанието на етничката и расната припадност врз оформувањето на личниот идентитет (маргиналната личност), улогата на медиумите итн. Тој на своите колеги им поставува барање своето внимание да го насочат кон соседството и неговата улога во ситуација на голем напредок на средствата за транспорт и комуникации од една страна, и едновремената изолација на имигрантските бранови и расни малцинства во гета и области на населбена сегрегација од друга страна. Понатаму, бара да се истражува индустриската организација, односно поделбата на трудот и структурните промени што следуваат од неа. Сугерира да се спроведат серија истражувања за животот на одредени професионални типови, како и проблемите на општествената контрола и општествената дисорганизација на различни нивоа – нивото на семејството, улицата и градот во целина. Негова цел е преку сведувањето на градот на научна лабораторија, насочена кон истражување на човечката природа и општествениот прогрес, да се продре во доброто и злото во човечката природа.

Соработници на Парк во сецирањето на градската заедница се Ернест Барџес (Ernest Burgess), Луис Вирт (Louis Wirth) и Елсфорд Фарис (Ellswort Faris), а нивната работа ја продолжуваат алумни од овој универзитет, како Еверет Хаџис (Everett C. Hughes) и уште редица други социолози.[2]

После една фаза на опаѓање на интересот за овој Универзитет, кога престижното прво место меѓу американските универзитети го презема

[1] Види особено: Park, E. Robert and Ernest W. Burgess, *The City*, Chicago: University of Chicago Press, 1925 Park, E. Robert, *Society*, New York: The Free Press of Glencoe, 1955.

[2] Меѓу најзначајните трудови произлезени од истражувањата на претставниците на Чикашката школа се: Harvey W. Zorbaugh, *The Golden Coast and the Slum*, Chicago: Chicago University Press, 1929; Nels Anderson, *The Hobo: The Sociology of the Homeless Man*, Chicago: Chicago University Press, 1923; Lewis Wirth, *The Ghetto*, Chicago: Chicago University Press, 1928; Clifford H. Shaw and Henry D. McKay, *Delinquency Areas*, Chicago: Chicago University Press, 1929; Paul Gressey, *The Taxy Dance Hall*, Chicago University Press, 1932; Walter Reckless, *Six Boys in Trouble*, Ann Arbor: Michigan University Press, 1930; Clifford Shaw, *The Jack Roller: A Delinquent Boys Own Story*, Chicago: Chicago University Press, 1930; Clifford Shaw, *The Natural History of a Delinquent Career*, Chicago: Chicago University Press, 1931; Clifford H. Shaw and Henry D. McKay, *Juvenile Delinquency and Urban Areas*, Chicago: Chicago University Press,1942.

Универзитетот Харвард, во 50-тите години, поголема група социолози ја поставуваат основата на она што се нарекува Втора чикашка школа.[3]

Во основата на квалитативниот пристап на чикашките социолози е опсервацијата. Со нејзина примена поставуваат паралела меѓу природниот и општествениот систем, при што општествениот систем го согледуваат во нераскинливата врска меѓу градот, земјата, културата и населението. Во контекст на оваа паралела ја развиваат идејата за „природните области", како делови од градот во кои една функција преовладува над останатите, во кои ги истражуваат криминалот, скитништвото, опаѓањето на вредноста на сопственоста и со тоа поврзаната интерна миграција на етничките групи, меѓугрупната интеракција меѓу одредени области на градот, трауматичноста и процесот на прилагодувања на новите услови на имигрантите кои доаѓаат од мали земјоделски заедници и др.

Покрај истражувачката дејност претставниците на Чикашката школа играле значајна улога и во јавниот живот на градот. Така, Парк бил делегат во Институтот за односи на мирот, директор на „Истражувањето на расните односи на Пацифичкото крајбрежје", редактор на цела серија книги за имиграцијата финансирани од Карнеги корпорацијата, претседател на Урбаната лига на Чикаго. Голема улога во јавниот живот имале и членови на Катедрата за филозофија. Социолозите кои работеле во оваа Катедра биле насочени кон социјалната психологија и ја поставиле основата на симболичкиот интеракционизам како посебна школа во социологијата. Водечкиот научник во овој домен, Џорџ Херберт Мид (Georg Herbert Mead), надвор од својот истражувачки и образовен ангажман бил ангажиран како советник за реформа на образованието, раководел или учествувал во работата на повеќе комисии кои биле задолжени за изнаоѓање решенија за разрешување на ред актуелни проблеми во сферите на образованието и урбаното планирање.

**Средниот град.** Истражувањата на „Средниот град" (Middletown and Middletown in Transition), реализирани од Роберт и Хелен Линд, во однос на изградбата на социолошката методологија претставуваат продолжение и надградба на Чикашката школа.

Вработени во Институтот за општествени и религиозни истражувања (Institute for Social and Religious Research) во текот на 1920-те, брачните другари Линд добиваат задолжение да ја истражат религиозната подготвеност

[3] Меѓу нив особено се познати: Хоуард Бекер (Howard Becker), Ирвинг Гофман (Erving Goffman), Анселм Страс (Anselm Strass), Гари Фајн (Gary Fine).

и практика на луѓето од типичен мал американски град. Како таков град тие го избираат Манси (Muncie), гратче во Индијана, кое ги исполнувало однапред определените услови за типичен мал американски град – умерена клима, доволно брз економски раст придружуван со соодветна општествена промена, индустриска култура со умерено брза машинска продукција, да не е едноиндустриски град, релативно самодоволен во однос на потребите од работна сила, лоциран на Средниот Запад, со население меѓу 25.000 и 50.000, да не е сателит на поголем град и сл.

Линдови доаѓаат во Манси, придружувани од двајца асистенти, во 1924 и остануваат во него и 1925 година. Резултатите од истражувањето, после многу дилеми и преиспитувања во однос на организацијата на собраниот материјал, ги објавуваат дури во 1929 во книгата Middletown[4], која истата година доживеала шест изданија.

Кога требало да започнат со истражувањето немале изградено друг методолошки став освен убедувањето дека истражувањето на религиозниот живот бара стекнување увид во сите аспекти на животот. Оттаму, одлуката да се концентрираат на шест активности: обезбедување живеачка, градење куќа, воспитување на младите, користење на слободното време, ангажирање во религиозни активности, ангажирање во активности на заедницата.

Истражувањето го започнале со препораките на Парк за опсервацијата како основен метод, применувајќи ги процедурите практикувани од истражувачите на Чикашката школа, со крстосување на улиците, разговори со луѓето, посета на домовите во кои биле поканети, посета на состаноците на различни организации, посета на цркви, училишни класови и собири, годишнини, карташки клубови и сл.

Вториот метод што го примениле бил во функција на поставената цел да ги следат промените во градот од 1890 година натаму и вклучувал собирање на документациски материјал – податоци од пописите, судски записи, школски записи, алманаси, локалните весници 1890-1891 година и 1923-1924 година, мисионерството на црквите, женскиот клуб, библиотечниот одбор итн. Третиот метод бил статистичкиот - за платите, вработеноста, фабрички несреќи, црковни членства, библиотечни записи за читањето, посетите на кина (подвижни слики) итн. Понатаму следувале интервјуата од неколку типа: неструктурирани – разговори со жителите од градот, полуструктурирани – со избран примерок

[4] Robert S. Lynd and Helen M. Lynd, *Middletown: A Study in Contemporary American Culture* (New York: Harcourt & Brace, 1929).

на жени вработени во три фабрики, како и посебен примерок на сопруги на бизнисмените. Последниот метод било анкетното истражување, со анкетен прашалник наменет за членови на клубови, како и прашалник наменет за ученици од средните училишта.

Во 1935, после големата депресија, Линдови се враќаат во Манси за да ги истражат последиците од депресијата и резултатите од тоа истражување се презентирани во студијата *Middletown in Transition*.[5]

**Јенки Сити.** Лојд Ворнер (1898-1970), раководителот на проектот „Јенки Сити", е еден од примерите дека идеолошкиот профил на социологот можел да има само ограничено влијание врз неговиот кариерен развој во периодот етикетиран како период во кој може да просперираат само социолози кои го поддржуваат воспоставениот политички естаблишмент. Во младоста член на социјалистичката партија, тој, во својата научна дејност, исклучително поставена на емпириска основа, ги истражувал општествените и економските нееднаквости и ја изразувал својата скептичност во однос на капацитетите на легалниот систем да произведе промени преку кои тие ќе бидат намалени.

Проектот „Јенки Сити" му бил доверен за време на неговиот престој на Харвард во 1930 година, кога имал 32 години. Во него биле вклучени 30 антрополози од Харвард и Чикаго кои, под негово раководство, во периодот 1930-1935 година, спровеле истражување на општествената структура во гратчето Њубарипорт во Нова Англија, кое во проектот го добило името „Јенки Сити". Првичната цел на проектот била да се истражат аспектите на животот надвор од работниот ангажман на работниците од западната електрична фабрика во Чикаго, но Ворнер, кој тукушто се вратил од Австралија каде го истражувал животот на австралиските Абориџини и сакал во новото истражување да ги користи техниките што таму ги применувал, заклучил дека тие техники се неприменливи во средина која ја карактеризира нагласената дисорганизираност. Тој го избира Њубарипорт, како град кој има подолга историја за која претпоставува дека условила обликување на кохерентна традиција, што е во согласност со неговата функционалистичка теза дека градот претставува функционална целина во која секој врши одредена функција. Тој бил убеден дека неговиот избор го претставува просечниот американски град, со своите карактеристики на заедница со стабилна општествена организација, со неколку видови на индустриско производство и неколку фабрики, која е

[5] Robert S. Lynd and Helen M. Lynd, *Middletown in Transition: A Study in Cultural Conflicts* (New York: Harcourt & Brace, 1937).

автономна, а не сателит на некоја метропола, која ги манифестира повеќето од комплексностите на модерниот живот.

Тоа било прво систематско истражување на американската локална заедница, насочено кон различните нивоа на општествениот живот – социјалниот, религиозниот, етничкиот, економскиот. Истражувањето започнало со опсервација согласно со препораките на Парк, со набљудување на луѓето во нивните секојдневни активности – опсервација на продавниците за списанија за да се согледа кои ги купуваат, следење на сообраќајот за да утврдат кој каде оди итн. На ова се надоврзуваат ред други техники, како собирање и обработка на различна документација, анализа на содржината на локалните весници, анализа на записите на лекарите, анализа на членствата во различни клубови и сл. Се продолжува со интервјуа на најзначајните претставници на градот кои ги снабдуваат со информации за сите градски случувања.

Во рамки на истражувањето се истражувала областа на живеење, типот на куќата, видот на образование, манирите и другите симболи на класната припадност кои го одредуваат местото на единката во заедницата, при што бил направен образец на социјална лична карта кој го пополниле 17 000 жители на градот. Овој образец вклучувал податоци за: возраста, образованието, станбениот, економскиот и социјалниот статус, семејството, членствата во различни клубови и здруженија, весниците, списанијата и книгите што се читаат, посетата на кина (тогаш подвижни слики), докторските визити итн.

Ворнер првично става нагласка на човековото однесување во доменот на економијата. Но, истражувањето открило дека, кога станува збор за локалното одбележување на границите на општествената структура, економскиот момент не бил основен критериум за стекнување одреден класен статус. Истражувањето открило дека луѓе со иста заработувачка биле рангирани различно, при што луѓе со поголема заработувачка се случувало да бидат рангирани на пониска класна позиција. Имено, тој заклучува дека класата е повеќе субјективна отколку објективна категорија – парите биле преведувани во општествено потврдено однесување кое условувало прифаќање од членовите на класата кон која се насочувало даденото однесување. Така, она што најмногу влијаело врз определувањето на класниот статус била оценката на самите жители на градот – нивниот сопствен став и ставот на другите за нив.

**Јенки Сити** се смета за најсеопфатниот и најамбициозниот проект за општествената структура на американското општество кога бил спроведен во рамки на целата историја на американската социологија. Резултатите од

истражувањето биле објавувани консеквентно, од 1941 до 1959 година во пет книги.[6] Сепак, резултатите од ова истражување се критикувани и доведувани во прашање од социолозите кои класата ја определуваат единствено како економска категорија.

**Американскиот војник.** Истражувањата „Студии во социјалната психологија на Втората светска војна“, познати како „Американскиот војник“, реализирани од голем број истражувачи[7] се нагледен пример за реномето што го стекнала американската социологија и свеста на Американската влада за корисֶта од нејзините истражувања во разрешувањето на дилемите при креирањето на државни политики. [8]

Сепак, многу сомненија го отежнувале почетокот на проектот, во прв ред стравот дека слободното искажување на своето мислење може да ја загрози кохезијата на војската и цврсто поставената хиерархија. Многубројни дилеми биле поврзани со изработката на истражувачките алатки, пред сè содржината на прашалниците за интервјуа – Дали тие треба да бидат соодветни на оние што ги користат новинарите или да бидат по примерот на прашалниците кои се користат во истражување на пазарот? Дали треба да се постави прост збир на прашања кои ќе може да бидат користени како индикатори за моралот, или пак да се користат исклучиво објективни податоци, како на пример, процентот на боледувања? Конечното решение било да се направи едноставен прашалник кој би бил пополнуван од самите војници (со помош на интервјуери кај недоволно писмените или повредените) и овој прашалник станал основно средство користено во истражувањето. Подоцна се воведува и фокусирано интервју.

Она што е значајно за придонесот на ова истражување за социолошката методологија е заклучокот на неговите реализатори дека општествената наука бара теории кои може да бидат формулирани употребливо (операционални

[6] *The Social Life in Modern Community* (1941), *The Status System of a Modern Community* (1942), *The Social System of a American Ethnic Groups* (1945), *The Social System of a Modern Factory* (1947), *The Living and the Dead: A Study in the Symbolic Life of Americans* (1959).

[7] Овој проект, финансиран исклучиво од Американската влада, се зема како индикатор за респектот со кој се стекнала социологијата во Соединетите Американски Држави. Проектот е реализиран по барање на Информационото и образовно одделение на армијата (Information and Education Division of the Army). По него Американската влада доделувала големи средства за спонзорирање проекти од различен вид. Учесници во проектот биле: S. A. Stouffer, E. A. Suchman, L. C. De Vinney, A. A. Lumsdaine, R.M. Williams, M.B. Smith, I.L. Janis, S.A. Star, L.S. Cottrell, C.I. Hovland, F.D. Sheffeld, l. Guttman, P.F. Lazarsfeld, J. A., Clausen, R.K. Merton и други.

[8] Резултатите од проектот се публикувани во четири тома во 1949 и 1950 во издание на Princeton University Press: *American Soldier; Combat and its Aftermath; Experiments and Mass Communications; Measurement and Predictions.* Подоцна Мертон и Лазарсфелд како редактори прават анализа на применетите методологии во: *Continuities in Social Research: Studies in the Scope of Method of „The American Soldier“* (N.Y.: The Free Press of Glencoe).

дефиниции) со што предвидувањата може да се верифицираат преку добиените резултати, како и дека изборот на прашањата и начинот на нивното поставување е од суштествено значење за објективноста на резултатите. Истражувачите, во настојувањето да изнајдат соодветни алатки од доменот на квантитативната методологија за добивање одговори од доменот на социјалната психологија, се соочуваат со ред дилеми кои се обидуваат да ги разрешат преку сеопфатни преиспитувања на секој преземен чекор во истражувањето.

Истражувањето дошло до податоци од кои некои наишле на критика и негодување, особено оние кои откриле слика што не се совпаѓала со приказните за големите херојства на војниците од Втората светска војна прикажувани во романите и филмовите. Така, вкрстените прашања откриле дека само 27 % од офицерите и војниците биле вклучени во отворена борба, додека останатите биле ангажирани со чување на фронтовските линии, во снабдување или организација. Други резултати, како откритието за корелацијата меѓу ставот во однос на борбата и борбеното извршување, ја покажале значајноста на прелиминарно истражување за да се направи избор на војници за изведување особено значајни операции.

Проектот „Американскиот војник“ е исклучително значаен за социолошката методологија по интензивните истражувања во доменот на квантитативната анализа. Проектот бил можност еден од истражувачите – Луис Гутман (Luis Guttman) да ги преиспитува процедурите на комбинирање на различни прашања за ист предмет како продолжение на проблемот на скалирањето на кој работел долго пред тоа, односно го разрешувал проблемот како едно единствено прашање може да биде заменето со повеќе прашања преку кои ќе се открие генералниот став на една индивидуа. Друг проблем била потребата од мерење на јачината на личното убедување, што му дало можност на Ренсис Ликерт (Rensis Likert) да продолжи со работа на техниката на мерење на интензитетот на ставот која ја започнал уште на почетокот на 1930-тите, а која е отелотворена во познатата Ликертова скала, која ги зема предвид и насоката и интензитетот на ставот. Понатаму, истражувачите од овој проект настојувале да ги откријат разликите меѓу анализата на скалирање и други прикладни техники, во прв ред факторската анализа. Нивниот заклучок во однос на ова е дека факторската анализа е посебно дизајнирана да третира квантитативни податоци, додека одговорите собрани преку употреба на скали може да се изразат единствено во квалитативни термини.

Резултатите од истражувањата на овој проект на Роберт Мертон му служат како основа да го продолжи истражувањето на референтната група,

започнато пред него од други социолози, кое се однесува на односот меѓу индивидуата и групата, при што референтната група е дефинирана како група која една индивидуа ја користи како стандард за сопствена проценка и оценка на своето однесување.

**2.**

Сепак, погледот на позитивните придонеси на социолозите од престижните американски универзитети за развојот на социолошката наука, особено придонесот за изградба на социолошка методологија, не е одговор на прашањето за исполнувањето на целта на вредносната неутралност. Оттаму, повторно ќе се вратам на полемиката најавена на почетокот од овој труд. Во намера за преиспитување на стратешките позиции на оваа полемика, овде ќе се обидам да направам краток осврт на истражувачката преокупација на двајцата најбурни полемичари – Рајт Милс и Талкот Парсонс.

Милс му замерува на Парсонс дека неговата теорија е холистичка и премногу општа за да биде во согласност со реалноста. И, навистина, кај Парсонс може да се сретнат холистички пораки, но во конкретните истражувања тој е на истата позиција како Милс – на позицијата на средниот обем. Уште поевидентен поборник на позицијата на средниот обем е Мертон. Милс му замерува на Парсонс дека се занимава единствено со истражување на структурата, но погледот на неговата истражувачка дејност ни покажува дека структурата била главната тема на неговите сопствени истражувања – ја истражувал работничката класа преку проучување на нивното синдикално организирање (Новиот човек на моќта), средната класа (Бела јака), високата класа (Елита на моќта).[9] За разлика од него Парсонс уште во Социјален систем ги поставува основите на својата истражувачка стратегија – третирање на структурата како динамичка категорија. Подоцна, во Структурата и процесот на модерните општества, тој ја развива својата теорија за општествената еволуција, поставена на рамништето на теоријата на средниот обем.[10]

Евидентно е дека критиките имаат повеќе идеолошка отколку научна заднина – тие во прв ред се насочени кон социолозите кои се прогласени за поддржувачи на државната идеологија, оценета како неподобна. Потврда

[9] Mills, C. Wright, *The New Man of Power: American Labor Leaders* (1948) ; *White Collar: The American Middle Classes* (1951); *The Power Elite* (1956).
[10] Parsons, Talkott, *The Social System* (1937); *Structure and Process in Modern Societies* (1960).

за тоа ни е и погледот на дејноста на социолозите наведени погоре, кои ја поттикнуваат полемиката што добива нагласка подоцна, кога функционализмот станува водечка теорија и кога острилото на критиката се насочува кон неговите поборници.

Резултатите од погоренаведените истражувања го потврдуваат фактот дека кога социологот ќе го започне истражувањето тој се придржува на принципот на вредносната неутралност. Во однос на истражувањата претставени погоре може да се сретнат критики, но со нив не се доведува во прашање истражувачката намера за објективно истражување, колку сомневањата во соодветноста на примената на некои методолошки постапки и резултатите што може да произлезат од нивната примена.[11] Меѓутоа, општо споделуван е ставот дека големите проекти на американската социологија се најзаслужни за поставувањето на темелите на социолошката методологија.

Сепак, останува прашањето, дали изборот на темата на истражување не вклучува во себе идеолошка определба, односно дали со изборот на темата не се постигнува поддршка на воспоставениот општествен систем?

Ова прашање си го поставил и Луис Косер (Lewis Coser) и одговорот го барал во темите за кои се расправало на генералните собранија на Американското социолошко друштво. Неговата анализа открива дека во текот на првите три децении на 20-тиот век било евидентно поместувањето на темите од проблемите на динамиката кон проблемите на согласноста. Така, на еден состанок во 1907, воведничарот Томас Харвеј (Thomas Harvey), во своето излагање за општествениот конфликт, ја застапува тезата дека „можеби има многу случаи каде што постои комплетна хармонија на интересите, но таа не им дава раст на проблемите и затоа нема потреба да се осврнуваме на неа“.[12] За него основен предмет на социолошко истражување биле општествените антагонизми и дисхармонии. За разлика од него, воведничарот Хоуард Одум (Howard Odum) на состанок одржан во 1930, констатирал дека „општествениот конфликт е социолошки неистражено поле“, односно дека „социологијата на конфликтот наскоро треба да се напише“[13]. Две децении подоцна Џеси Бернар (Jessie Bernard) ќе го постави прашањето дали таквата социологија е изградена и на него ќе одговори негативно. Според неа после првите социолози, какви што се Смол, Рос и Парк, многу малку е направено на полето на истражувањето

[11] Најдобра илустрација за ова е самата критика на Милс во однос на теоријата на Парсонс и социолозите кои ги поставуваат основите на квантитативната методологија, изнесени во *Социолошкаша имаѓинација (The Sociological Imagination* (The New York: Oxford University Press, 1959).
[12] Cit. po: Coser L., *The Functions of Social Conflict* (New York: The Free Press of Glencoe, 1956), str. 15
[13] Исто.

на општествениот конфликт. Конфликтот станува тема на истражување дури во средината на 20-тиот век, кај критичарите на функционализмот, со пристап во истражувањето или од позициите на Маркс (Ралф Дарендорф) или од позициите на Зимел (Луис Косер).

Следењето на процесот на поместување на истражувачките теми – од теми кои го вклучуваат конфликтот, кон теми во кои централна позиција има општествената хармонија, нагледно говори дека изборот на темата, сепак, може да ја доведе во прашање тезата за вредносната неутралност на методолошки исправното истражување на која било тема. Во современи услови, кога главен финансиер на научните истражувања е државата, а таа поставува приоритети при доделувањето грантови за реализација на општествени истражувања, финансиската зависност на истражувачите од државно буџетирање ја предодредува природата на врската меѓу социологијата и политиката.

**3.**

Интензивната промена што го има опфатено светот постепено ги замаглува границите на ентитетот кој беше прогласен за предмет на социолошката наука – општеството како самодоволна единица со творечка моќ во однос на човечките единки што ја составуваат неговата целина. Оваа промена ги ограничува можностите за релевантни откритија и во двата основни домена на социолошко истражување определени уште од Огист Конт – статиката и динамиката. На статиката, односно истражувањето на општествената структура, повеќе не може да ѝ се пристапи според преовладувачкиот став дека деловите на општествената целина се заемно поврзани и условени од целината. Нивната поврзаност и условеност сега треба да се бара не само во, туку и надвор од општествената целина – во нивната поврзаност со соодветни ентитети сместени во различни делови на Земјината топка. Состојбата со динамиката е уште подраматична – промената е толку интензивна и бројот на фактори на нејзината условеност толку бргу се зголемува по број и разновидност, што основната цел на динамичките истражувања – да се предвиди идниот тек на истражуваната појава – станува крајно ограничена, дури невозможна. Во такви услови сосема е разбирлива состојбата во која се наоѓа социолошката наука денес. Таа е во криза, а оваа криза може да се надмине, или барем да се ублажи, единствено ако го редефинира предметот на своето истражување.

Во размислите во насока на редефинирање на предметот на социолошката наука, можеби е корисно да се навратиме на нивоата на истражување идентификувани во периодот од настанокот на науката до денес. Социологијата своите почетоци ги има на макрониво, за подоцна, во периодот кој беше опфатен со приказот на раната американска социологија, да се поставаат две нови линии на истражување со пониско ниво на општост – нивоата на мезо (социологија на средниот обем) и микросоциологијата. Методологијата што ја развиваат американските социолози главно е на рамништето на мезосоциологијата, односно оваа методологија бара теорија со пониско ниво на општост – насочена главно кон попрецизно дефинирање на конкретниот предмет на истражување, и алатки за емпириско истражување со кои ќе се опише и евентуално објасни истражуваната појава и ќе се изведат заклучоци кои можат делумно да ја подобрат теоријата од која се започнало, но не до степен да ја подигнат на генерално ниво. Едновремено со социологијата на средниот обем се развива и микросоциологијата - со истражувања на изделени појави, без претходно поврзување на истражувањето со одредена теорија и без амбиции за посистематско откривање на поишроки заемни условености на појавата со други појави.

Континуираниот раст на комплексноста на општествените структури со континуираниот раст на поделбата на трудот, на која ѝ се придодава континуираниот раст на густината и опфатот (често со терестијални димензии) на мрежата во која се вплеткани овие структури, се чини дека социологијата ја става пред предизвикот да ги преиспита своите можности и да се соочи со фактот дека и времето на мезосоциологијата е поминато – дека е дојдено време да се признае значајноста и на микросоциологијата, која беше толку силно критикувана половина век порано. Оваа насоченост кон конкретни (ситни) проблеми, со отсуството на широк поглед на нештата, недвосмислено упатува на потребата социологијата денес, паралелно со микросоциолошката преокупираност, да се врати во прегратките на своето излезиште – филозофијата, или барем од филозофско стојалиште понатаму да настојува да ги согледува нештата на макросоциолошко ниво. А ова, и кај двете наведени насоки, ја става во позиција на одредена поврзаност со центрите на моќ: во доменот на микросоциологијта - со финансиската поддршка на проектите избирани за финансирање според однапред поставени приоритети; кај макросоциологијата преку идеолошката позиција на нејзините творци.

## Библиографија


Anderson, Nail, *The Hobo: The Sociology of the Homeless Man*, Chicago: Chicago University Press, 1923

Coser Lewis, *The Functions of Social Conflict*, New York: The Free Press of Glencoe, 1956

Cressey, Paul, *The Taxy Dance Hall*, Chicago University Press, 1932

Lazarsfeld, Paul F. and Morris Rosenberg, eds., *The Language of Social Research*, New York: The Free Press of Glencoe, 1955

Lynd, Robert S. and Helen M. Lynd, *Middletown: A Study in Contemporary American Culture*, New York: Harcourt & Brace, 1929

Lynd Robert S. and Helen M. Lynd, *Middletown in Transition: A Study in Cultural Conflicts,* New York: Harcourt & Brace, 1937

Merton R.& Lazarsfeld P., *Continuities in Social Research: Studies in the Scope of Method of "The American Soldier "*,N.Y.: The Free Press of Glencoe,1950

Mills, C. Wright, *White Collar: The American Middle Classes,* The New York: Oxford University Press,1951

Mills, C. Wright, *The Power Elite*, New York: Oxford University Press , 1956

Mills, C. Wright, *The Sociological Imagination,* The New York: Oxford University Press, 1959

Park, E. Robert and Ernest W. Burgess, *The City*, Chicago: University of Chicago Press, 1925

Parsons, Talkott, *The Social System*, Glencoe Illinois: The Free Press,1937

Parsons, Talkott, *Structure and Process in Modern Societies*, Glencoe Illinois: The Free Press,1960

Reckless, Walter C.., *Six Boys in Trouble*, Ann Arbor: Michigan University Press, 1930

Shaw, Cliford H., *The Jack Roller: A Delinquent Boys Own Story*, Chicago: Chicago University Press, 1930;

Shaw, Cliford H., *The Natural History of a Delinquent Career*, Chicago: Chicago University Press, 1931

Shaw, Clifford H. and Henry D. McKay, *Delinquency Areas,* Chicago: Chicago University Press, 1929

Shaw C. H. and Henry D. McKay, *Juvenile Delinquency and Urban Areas*, Chicago: Chicago University Press,1942

Stouffer, S.A. at all, *American Soldier; Combat and its Aftermath; Experiments and Mass Communications; Measurement and Predictions,* Princeton University Press, 1949

Warner, Lloyd (ed.), *The Social Life in Modern Community*. Harvard University Press, 1941

Warner, Lloyd (ed.), *The Status System of a Modern Community* , Harvard University Press, 1942

Warner, Lloyd (ed.), *The Social System of a American Ethnic Groups,* Harvard University Press, 1945

Warner, Lloyd (ed.), *The Social System of a Modern Factory* ,Harvard University Press, 1947

Warner, Lloyd (ed.), *The Living and the Dead: A Study in the Symbolic Life of Americans,* Harvard University Press 1959

Wirth, Louis., *The Ghetto*, Chicago: Chicago University Press, 1928

Zorbaugh, Harvey W. *The Golden Coast and the Slum,* Chicago: Chicago University Press, 1929